# ИНФОРМАЦИИ ЗА УПОТРЕБА
# Alkasept Plus S

Раствор за дезинфекција на рацете и на кожата
Готов за употреба

**Пред употреба внимателно прочитајте го упатството бидејќи содржи важни информации за вас.**

## СОСТАВ

100 g **Alkasept Plus S** содржи:

- активни состојки: пропан-1-ол 45,0 g, пропан-2-ол 30,0 g и етанол 5,0 g и
- помошни состојки: омекнувачи на кожата (глицерол, бисаболол, D-пантенол), боја и мирисна компонента.

## СВОЈСТВА И ДЕЈСТВО

**Alkasept Plus S** е бистра, светло сино обоена течност со освежителен мирис и со pH од 5,5 до 7,0. **Alkasept Plus S** е ефективна, синергистичка комбинација на алкохоли со широк спектар на микробиолошко дејство за кратко време на изложеност. Содржи омекнувачи за кожата и има многу добра толеранција на кожата дури и при повеќекратна употреба. Активните состојки се биолошки разградливи.

**Alkasept Plus S** има бактерицидно, микобактерицидно, вируцидно и фунгицидно дејство.

- **Бактерицид** - вклучувајќи ги и *S. aureus, E. hirae, E.coli, MRSA* и *P.aeruginosa*.
- **Микобактерицид и Туберкулоцид** - вклучувајќи ги и *M. terrae* и *M. avium*.
- **Вируцид** - вклучувајќи ги *Adeno, Noro, Rota, Vaccinia - обвиткани вируси*.
- **Фунгицид** - вклучувајќи го и *C. albicans* и *Aspergillus Br.*

| МИКРОБИОЛОШКО ДЕЈСТВО | ТЕСТ-МЕТОД / СТАНДАРД | ВРЕМЕ НА ИЗЛОЖЕНОСТ |
|---|---|---|
| Хигиенска дезинфекција на рацете | EN 1500 | 30 секунди |
| Хируршка дезинфекција на рацете | EN 12791 | 90 секунди ( 2 x 45 секунди) |
| Бактерицидно (*S. aureus, E. hirae, E.coli, MRSA, P.aeruginosa)* | EN 13727 | 30 секунди |
| Фунгицидно (*C.albicans, Aspergillus Br.)* | EN 13624 | 30 секунди |
| Микобактерицидно и Туберкулоцидно (*M. terrae, M. avium*) | EN 14348 | 60 секунди |
| Туберкулоцидно (*M. terrae, M. avium*) | EN 14563 | 60 секунди |
| Вируцидно (*Adeno, Noro, Rota, Vaccinia – обвиткани вируси)* | EN 14476 | 60 секунди |

## УПОТРЕБА

**Alkasept Plus S** е моќен алкохолен антисептик наменет за:

- хигиенска и хируршка дезинфекција на рацете и за
- дезинфекција на интактна кожа пред медицинска употреба или пред хируршки интервенции.

**Alkasept Plus S** има широка примена во:

- болници и во здравствени установи;
- прехранбена индустрија;
- фармацевтска и козметичка индустрија и во
- јавни и приватни установи

## НАЧИН НА УПОТРЕБА

**Alkasept Plus S** е раствор готов за употреба и се потребува без разредување. Растворот се нанесува на кожа која е претходно измиена со сапун и со вода, со втривање или со навлажнување со помош на влажна подлога. Третираните делови од кожата треба да бидат целосно покриени со растворот, во согласност со потребното време на изложеност (дадено во табелата подолу). За хируршка дезинфекција на рацете се препорачува употреба на соодветни лактни диспанзери.

| ПРЕДМЕТ НА ДЕЗИНФЕКЦИЈА | ДОЗИРАЊЕ | МЕТОД НА ПРИМЕНА | ВРЕМЕ НА ИЗЛОЖЕНОСТ |
|---|---|---|---|
| Хигиенска дезинфекција на рацете | 3 ml | Втривање по миење со сапун и со вода | 30 секунди |
| Хируршка дезинфекција на рацете | 2 x 3 ml | Втривање по миење со сапун и со вода | 90 секунди (2x45 секунди) |
| Дезинфекција на интактна кожа пред оперативни интервенции | Добро навлажнување | Навлажнување со помош на памук | 60 секунди |
| Дезинфекција на кожата пред медицинска употреба | Добро навлажнување | Навлажнување со помош на памук | додека не се исуши |

## МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ

**Alkasept Plus S** е запалива течност. Предизвикува сериозна иритација на очите. Доколку дојде во контакт со очите, веднаш исплакнете ги со многу вода и побарајте совет од лекар. Ако се проголта, не предизвикувајте повраќање, веднаш побарајте совет од лекар и покажете го пакувањето или етикетата.

## НАЧИН НА ЧУВАЊЕ

**Да се чува на места недостапни за деца!**

**Alkasept Plus S** чувајте го во добро затворена, оригинална амбалажа, на суво и на добро проветрено место, подалеку од извори на палење, отворен оган и грејни тела, на температури под 30 ºC. Не изложувајте го на директна сончева светлина.

**Третман на отпад и пакување – според локалните прописи**

Не испуштајте го растворот во околината – за одложување на отпад, на остатоци и на празна амбалажа, видете ги специјалните упатства дадени во безбедносниот лист со податоци.

**РОК НА УПОТРЕБА:** 3 години

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Изглед на Alkasept Plus S и содржина на пакувањето**

**Alkasept Plus S** е бистра, светло сино обоена течност со освежителен мирис.

**Alkasept Plus S е спакуван во:**

- пластично (HDPE) шишенце со содржина од 200 ml, по 40 шишенца во збирна картонска кутија;
- пластично (HDPE) шишенце со содржина од 500 ml, по 12 шишенца во збирна картонска кутија;
- пластично (HDPE) шише со дозирна пумпица, содржина од 1000 ml, по 12 шишиња во збирна картонска кутија
- пластичен (HDPE) канистер со содржина од 3 l, по 4 канистри во збирна картонска кутија
- пластичен (HDPE) канистер со содржина од 5 l, по 4 канистриво збирна картонска кутија и
- пластичен (HDPE) канистер со содржина од 10 l, по 4 канистри во збирна картонска кутија.

**За информации околу безбедноста при употребата ве молиме користете безбедносен лист.**

**Број и датум на решението за промет:** 19-1003/2 од 28.12.2022

**Производител:**
ЖИВАС ООД
бул. „Асен Јорданов“ бр. 14,
1592 Софија, Бугарија
тел.: + 359 2 981 78 23
www.zhivas.com

**Дистрибутер:**
АЛКАЛОИД АД Скопје,
бул. „Александар Македонски“ бр. 12,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел..: +389 2 31 04 000
факс: +389 2 31 04 021
www.alkaloid.com.mk